2015-1-IT02-KA204-014787

## Предлози и стратегии за жени претприемачи

# ПРАВЕЊЕ НА АЛБУМИ, ДЕКОРАЦИИ И ПЛЕТЕЊЕ

Изработено од: Social innovation fund

Јуни 2016

## Содржина

Вовед....3

Правење на албуми....4

Алатки потребни за правење на албуми....4

Техники за правење на албуми....6

Декорирање....11

Техники за декорирање....12

Плетење....19

Вежби....21

Библиографија....23

## Вовед

Ракотворбите се уникатни изрази и ја претставуваат културата, традицијата и наследството на една земја. Постојат многу дефиниции за ракотворби. Според Обединетите нации за образование, наука и култура/ Заедницата за информатичка технологија (УНЕСКО/ИТЦ) Мегународниот симпозиум за “Занаетите и Интернационалниот Пазар: трговија и кодификација на царина”, Манила, Филипини, во Октомври 1997 година: “Ракотворбите може да се дефинираат како производи кои се произведени рачно или со помош на алатки. Може да се користат механички алати додека директниот рачен придонес на занаетчиството останува најзначајниот комнонент на готовиот производ. Ракотворбите се прават од суровини и може да се произведуваат во неограничен број. Овие производи можат да бидат утилитарни, естетски, уметнички, креативни, културно поврзани, декоративни, функционални, традиционални, религиозни и социјално симболични и значајни”. Според Владата на Индија: “Ракотворбите може да се дефинираат како: што е направено со рака треба да има уметничка вредност, и може да има и функционална намена”.

Ракотворбите играат многу важна улога во претставувањето на културата и традициите на било која земја или регион. Ракотворбите се значаен медиум за зачувување на богатата традиционална уметност, наследство и култура, традиционалните вештини и таленти кои се поврзани со начинот на живот на луѓето, како и нивната историја.

Ракотворбите се од големо значење и за економскиот развој. Тие обезбедуваат многу можности за вработување, дури и со ниски инвестиции, и стануваат познат медим за странските приходи.

## Правење на албуми

Правењето на албуми е метод на презентирање и уредување на лична и семејна историја во форма на книга, кутија, картичка. Типично тоа вклучува фотографии, печатени медиуми и уметнички дела.Правењето на албуми е хоби кое се практикува многу често во многу делови на светот.




Слика 1. Класичен албум

## Алатки кои се потребни за правење на албуми

Главните алатки кои се потребни за започнување со правењето на албуми се:

1. Лепак (без киселина)

2. Подебела хартија (без киселина)

3. Фотоалбум

4. Краеви за фотографиите

5. Молив за поделба на фотографиите

6. Ножици

7. Корици (без киселина)

8. Шаблони

9. Прозирен линијар

Други алатки:

1. Перфоратор за правење на кругови

2. Слики

3. Тркало со бои

4. Заоблување на агли

5. Канцелариски нож

6. Перфоратори

7. Декоративни ножици

8. Исечоци

9. Линијари со остри рабови

10. пенкала со заоблени врвови, моливи, фломастери

## Техники за правење на албуми

***Како да ја залепете сликата на основната хартија***

Потребни инструменти:

1. 2 фотографии

2. Лепак

3. Кафеав картон

4. Молив

Задача:

1. Распоредете ги фотографиите на хартијата по ваша желба.

2. Означете ги аглите на фотографиите со молив.

3. Тргнете ги фотографиите од хартијата.

4. Намачкајте лепак на фотографијата (почнете  со сликите кои се поблиску до основната хартија) и залепете ги на означеното место.

***Како да направите рамка од хартија***

Потребни инструменти:

1. 2 фоторафии

2. Лепак

3. Кафеав картон

4. Картон со боја на слонова коска

5. Ножици

Задача:

1. Намачкајте ја секоја фотографија со лепак. Прикачете го картонот со боја на слонова коска, оставајќи граница околу фотографијата.

2. Искористете ножици и сечете го картонот за да биде 0.9 см поголем од најголемата фотографија и 0.6см поголем од најмалата фотографија.

3. Залепете ја фотографијата на основата.

***Како да ја залепете основната хартија врз позадината со краеви на фотографиите***

Потребни инструменти:

1. 1 фотографија

2. Лепак

3. Зелено попрскана хартија како база

4. Украсни ленти

5. Хартија со дезен

6. Декоративни агли за фотографијата

7. Алат за сечење на хартијата

8. Молив

9. Ножици

10. Прозирен линијар

Задачи:

1. Користејќи молив, линијар и прозирен алат за сечење на хартија измерете, означете и исечете 1.8 см од основната хартија

2. Прикачете го на позадината, оставајки рамка широка 0.9см.

3. Наместете ја фотографијата по ваша желба. Намачкајте ги краевите на фотографијата со лепак. Со една рака држете ја фотографијата, а со другата рака залепете го крајот на фотографијата на основната хартија. Потоа закачете ги сите агли од фотографијата.

4. Отсечете ја потребната ширина на лентата, намачкајте лепило и прикачете ја на основната хартија

***Како да ги искористите рамките за фотографиите на хартијата со дезен***

Потребни инструменти:

1. 2 фотографии

2. Лепак

3. Хартија со розев дезен

4. Пенкало дебело 0,5 mm

5. Картички хартија

6. Рамки за фотографии кои одговараат на големината

7. Селотејп

Задачи:

1. Ставете ја фотографијата на рамката

2. Залепете ги рабовите на фотографијата со селотејп

3. Напишете ги информациите на картичките хартија.

4. Ставете ги фотографиите и картичките хартија врз основната хартија

***Како да ги користите декоративните ножици***

Потребни инструменти:

1. 3 фотографии

2. Лепак

3. Картон; светло син, светло зелен, база со боја на слонова коска, картон за позадина со светла боја, светло виолетов и розов

4. Декоративни ножици

5. Декоративни светло-кафеави краеви за фотографии

6. 0,5 мм и 1,2 мм дебели пенкала

7. Алат за сечење хартија

8. Картички хартија

9. Молив

10. Ножици

11. Прозирен линијар

Задачи:

1. Користејќи молив, линијар и прозирен алат за сечење хартија, измерете, обележете и сечете 1см од врвот и од едната страна на основната хартија

2. Сечете ги краевите на основната хартија со ножици со брановидни сечила

3. Прицврстете ја основната хартија на позадината.

4. Прикачете фотографии и декоративни краеви за слики на светло син, светло виолетов и розев картон оставајќи малку простор за рамка

5. Исечете го картонот со ножици, оставајќи 0.6см околу рамката за слика.

6. Прикачете картичка од хартија на светло зелен картон. Сечете со декоративните ножици, оставајќи мала рамка.

7. Запишете ги информациите на картичката.

8. Прицврстете ја секоја фотографија и картичката на основната хартија.

***Како да ги икористите исечоците од страниците***

Потребни инструменти:

1. 3 фотографии

2. Лепак

3. Картон: син, темно зелен, зелен, темно жолта основа, жолт

4. Исечоци: облаци, пламени, трупци, планина, шатор

5. 0,5 мм и 1,2 мм дебели црни пенкало

6. Мат сино и бело пенкало

7. Молив

8. Ножици

9. Шаблон - круг, овален, квадрат, правоаголен

10. Прозирен линијар

Задачи:

1. Исечете ги фотографиите по ваша желба

2. Залепете ги фотографиите на одбраната табла. Исечете го картонот оставајќи ја рамката.

3. Наместете ги и прикачете ги фотографиите и исечоците на основната хартија.

4. Напишете ги текстовите со пенкало на исечоците и на основната хартија.

## Декорирање

Декорирањето е уметноста на украсување на предмети со лепење на фигури хартија во боја на предметите во комбинација со специјални ефекти направени со боја, златни лисја и други декоративни елементи. Предмет како мала кутија или некој мебел е прекриен со исечоци од списанија или хартија произведени за оваа цел.




Слика 2 Пеперутки

Зборот *decoupage* (декорирање) доаѓа од францускиот збор "decouper" што знали да се исечи или сечи од нешто. Потеклото на декорирањето се смета дека е Источно Сибиската уметност на цртање на гробови. Номадските племиња користеле исечоци на материјали за да ги декориираат гровобите на своите починати. Од Сиберија, оваа практика стигнала и во Кина, и до 12-от век исечоци хартија беа користени за декорирање на кутии, фенери,

прозорци и други предмети. Се смета дека овие исечоци декоративна хартија стигнале и во Европа во 17-от век преку италијанските трговци.



Слика 3 Декорирана кутија

## Техники за декорирање

### *Сечење*

1. Точно исечете ја сликата.

2. Намачкајте лепак на задната страна на сликата, но измешајте го со вода (1 дел вода 2 дел лепак)

3. Ставете ја сликата на украсената површина, притиснете со прстите од средината до рабовите и измазнете. Ова ќе го отстрани вишокот на лепак и воздушните меури.

4.Намачкајте лепак на целата површина, дури и на местата каде што немате украсено. Лепакот ја штити површината од влагата која може да ја оштети хартијата.

5. Лепакот ќе се исуши по неколку часови. Тогаш ќе треба да го ставите првиот слој на лак. Оставете го да се исуши природно.

6. Потоа околу 4-5 часа лакот е сосема сув. Измазнете ја грубата површина на предметот со шмиргла.

7. Уште еднаш намачкајте се со лак. Одкако ќе се исуши измазнете ги краевите на сликата со веќе искористената шмиргла.

***Палета декорации***

Потребни материјали:

Даска од природно дрво полирано со шмиргла, 2-3 акрилични бои; сунѓер; акрилен лак; јасно избран мотив;сад за вода; хартиени крпи; рамни четки, лепак и лак.

Задача:

1. За да се замагли површината искористете малку потемна нијанса на боја и нанесете ја на површината на сунѓерот.

2. Исечете го посакуваниот мотив со ножици со просечна големина. Потоа со мали ножици со кукасти краеви завршете ги малите детали.

3. Потопете го исеченото парче неколку минути во вода

4. Извадете го мотивот од водата, и исцедете го со двете страни на хартиената крпа.

5. Со помош на рамна четка намачкајте лепак за хартија на задната страна на сликата. Ставете го мотивот на воодоотпорната хартија.

6. Внимателно поставете ја исечената слика на посакуваната даска, притискајќи со четката за да се измазни. Залепете ја надворешната и внатрешната површина на подлогата. Доколку сметате дека се уште има воздушни меурчиња, отстранете ги со лесно притискање со влажна крпа.

7. Одкако ќе се исуши, можете да го намачкате првиот сјаен или мат лак слој. Мачкајте се додека целата површина не е мазна.

***Илузија***

Задача:

1. Подгответе дрвена маса, и намачкајте акрилична боја. Скиците може да се направат на картон, не е потребна дополнителна боја и се лесни за цртање.

2. Измазнете ја површината со шмиргла додека не стане мека. Потоа означете ги границите на рамката.

3. Подгответе ги боите и сортирајте ги по боја.

4. Користете акрилични бои кои се сушат лесно.

5. По декорирањето можете да намачкате неутрална или црвенкава нијанса на восок. Исто така можете да го намачкате со акриличен лак.

***Пукнатини - широки пукнатини***

Потребни материјали:

кутија; бела или златна акрилна боја; четка; декоративна хартија и лепак. Два слоеви од лакот кој пука (чекор 1 и чекор 2); светки.

Задача:

1. Намачкајте ја целата површина на кутијата со златна акрилна боја.
2. Не чекајте да се исуши бојата, туку по 10-15 минути, ставете слој од лакот според чекор 1.
3. Кога првиот слој ќе се исуши целосно (по 30-50 мин) нанесете слој од бела акрилна боја.
4. Повторете го ова уште еднаш и без да дозволите да се исуши бојата нанесете дебел слој од лакот според чекор 2.
5. По еден час белата боја почнува да пука и низ испукнатините се гледа златна боја. Големината на испукнатините ќе зависи од ширината на вториот слој на лакот.
6. Нанесете златен прашак (светки) на местата со сунѓер со што ќе ја нагласат златната боја. Одбраната слика може да се стави пред или после ставањето на светките. Тоа зависи од резултатот кој сакате да го постигнете.

***Пукнатини - тенки суптилни пукнатини***



Слика 4 Суптилни пукнатини

Потребни материјали:

Цврст картон; потенка хартија со стилизирани букви; ножици; два слоеви од лакот кој пука (чекор 1 и чекор 2).

Задача:

1. Исечете ги буквите и ставете ги на картонот.

2. Одберете го местото каде сакате да ги ставите, намачкајте го лепакот на задната страна на хартијата.

3. Во рок од половина час целата површина на четката треба да е обложена со неколку слоеви на лепак (по лепењето на буквите). Исушете ја.

4. Користете ја рамната четка за нанесување на слој на лак според чекор 1. Оставете го да се исуши околу 30-50 минути.

5. Нанесете слој на лак според чекор 2. По неколку часа површината ќе почне да пука во многу тенка линија, слично на природниот процес. Лакот комплетно ќе се исуши за 24-48 часа. Појавата на испукнатини зависи од температурата и влажноста на местото, па затоа е препорачливо да се суши во потопла и посува соба.

## Плетење

Плетењето се прави од волна. Плетката може да биде потопена во топла вода и сапун или сува, со посебни игли. Оваа техника може да се користи за правење на накит, декорации за домот, чанти, облека, елементи во интериерот, производство на обувки. Тенхиките на плетењето се мокро плетење и суво плетење.







Слика 5 Обувки 1

Слика 6 Обувки 2

Слика 7 Обувки 3

***Мокро плетење***

Потребна опрема:

1. Волна во разни бои (150-200g)

2. Парчиња разнобојно волнено предило

3. Бамбус или нешто слично на покривка за маса (по можност необоени стапчиња со А3-А4 формат) или сукало.

4. Полиетилен филм со меурчиња (А3 формат)

5. Најлонско платно (А4 формат)

6. Сад за вода

7. Сапуни

8. Сад со вода да се вари

9. Кујнска крпа

10. Полиетиленска покривка за маса

***Украси од монистра***



Потребни материјали:

1. Волна,

2. сапун,

3. топла и ладна вода

Плетење:

Со волната формирајте монистра, навлажнете ги во топла вода, притиснете ги со прстите за еднакво да ја поделете волната. Почнете да ја тркалате волната помеѓу вашите дланки. Тркалајте ги додека не се формира посакуваната форма. Плетењето е завршено кога тие ќе се намалат и стврднат.

Наместете ги во ѓердан или нараквица.

## Вежби

Изберете го вистинскиот одговор.

Правење на албум е метод ...

а) за печење на торти

б) за претставување и уредување на личната и семејната историја

в) за подготовка на дрво

Кои алатки се користат во правењето на албум?

а) канцelариски нож, линијари со остри рабови, декоративни ножици

б) лепак, фото албум, прозирен линијар

в) краеви за фотографии, лепак, канцелариски нож

Декорирање е уметноста на ...

а) сликање

б) лепење слики

в) украсување предмети со лепење фигури од обоени хартија на разни предмети

Што е главното нешто кое е потребно во декорирањето?

а) слики

б) вода

в) канцелариски нож

Техниките за плетење се:

а) полу-влажни

б) полусуви

в) суви и влажни

Што може да се произведе со користење на техниките за плетење?

а) обувки, чанти, накит

б) облека, шишиња, елементи за интериер

в) чадор, садови

## Содржина

1. Photo Nr. 1 By Tulane Public Relations - Vintage Scrapbook, CC BY 2.0, https://commons.wikimedia.org/w/index.php?curid=8341296

2. Photo Nr. 2 By Lina Abramavičiūtė

3. Photo Nr. 3 By Lina Abramavičiūtė

4. Photo Nr. 4 http://rekodzieloartystyczne.blox.pl/resource/DSC03345.JPG

5. Photo Nr. 5 By Daiva Daiviene

6. Photo Nr. 6 By Daiva Daiviene

7. Photo Nr. 7 By Dalia Tumynienė https://scontent-waw1-1.xx.fbcdn.net/v/t1.0-9/1525117_573866262697396_466439012_n.jpg?oh=4aad7110e86d9bcd957d92a239367e74&oe=57FB816B

8. Carter, Rebecca, Viskas apie skrebinimą pradedantiesiems. Kaunas :Obuolys, 2010.

9. Dondi, Dario, Viskas apie dekupažą: technika ir dirbiniai. Kaunas : Obuolys, 2009

10. Christensen. “Look at Us Now!”: Scrapbooking, Regimes of Value, and the Risks of (Auto)Ethnography. The Journal of American Folklore. 2011;124(493):175.

11. Decoupage [Internet]. Wikipedia. 2016. Available from: https://en.wikipedia.org/wiki/Decoupage

12. Handicrafts Introduction, About Handicrafts, Importance of Handicrafts [Internet]. Indiacrafts.
com. 2016 [cited 3 July 2016]. Available from: http://www.india-crafts.com/businessreports/indian-handicraft-industry/handicraft-introduction.htm

13. Handicrafts Industry [Internet]. Scribd. 2016. Available from: https://www.scribd.com/doc/31356572/Handicrafts-Industry